РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-451/2
20-02-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-1663/1 од 30.05.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1663/1 од 30.05.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 08-1663/1 од 30.05.2025 година е оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ______________ по избор и по престанок на функцијата ВД Директор во ________________.
Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Административната алатка на ДКСК , по што констатира дека лицето ______________ нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.
За него има отворен и друг предмет со бр.08-925/1 од 26.02.2025 за неподнесување на Изјава за имотна состојба за избор на функција, каде што е постапувано во предметот.
Од образецот за доставување на податоци за Регистарот за избрани и именувани лица доставен од страна на _______________ се утврди дека ______________на 23.05.2025 година бил разрешен од функцијата ВД Директор во ______________.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија изврши увид во сопствената евиденција и констатира дека лицето _______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ВД Директор во _______________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси.

Поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето_______________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1663/7 од 27.10.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1663/8 од 27.10.2025 година, кој е доставен до сторителот на прекршокот но истиот не ја подигнал пратката.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК. Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-252/3 од 23.01.2026 година со кое сторителот _______________ го прогласи за одговорен.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Б.К.Ш, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk